**20212924582**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 307/20 и 171/21), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 152/19, 244/19, 275/19 и 110/21), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19, 27/20 и 56/21), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16, 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 235/19) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 декември 2021 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2021 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/21, 31/21, 92/21, 175/21 и 276/21), во делот I во воведната реченица, износот „7.380.380.880” се заменува со износот „7.532.380.880”.

Во табелата во мерката 3, износот „1.000” се заменува со износот „145.001.000”.

Во мерката 10, износот „5.488.374.880” се заменува со износот „5.495.374.880”.

Во колоната „Вкупно”, износот „7.380.380.880” се заменува со износот „7.532.380.880”. II

Делот IV се менува и гласи:

„Средствата од дел I мерка 3 од оваа програма во износ од 145.001.000 денари за помош во премии и осигурување ќе се користат согласно член 98 од Законот за земјоделство и рурален развој со максимален износ на поддршка од 150.000 денари по земјоделско стопанство.“

III

Во делот XI износот „5.488.374.880“ се заменува со износот „5.495.374.880 “.

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-12821/1
21 декември 2021 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Николовски,** с.р.